

# ПАРИСКИ СИГНАТУРИ 2

# SIGNATURES DE PARIS 2

Галерија Акантус/Acanthus Gallery
МАРТ - АПРИЛ / MARS - AVRIL
2020

# ПАРИСКИ СИГНАТУРИ 2

# SIGNATURES DE PARIS 2

2020

# ПАРИСКИ СИГНАТУРИ 2

Визуелниот уметник ја бара својата совршена форма на мислата, никогаш верувајќи ѝ тотално на довербата која делото ја загатнува. Барајќи ја содржината уметникот трага по бесконечноста на знаењето и сознанието. Новите мисли по кои уметникот трага не се само форми, објекти, туку хармонијата на единството, лиризмот кој созрева од сржта на своето значење. Тогаш нема значење во повторувањето на перцепциите туку перцепциите се самиот готов резултат.

Мобилноста на еден создавач, визуелен уметник, кој трага по состојките на својот интерес, суштествено може да го измени чувството на припадност или на неприпадност како слобода по која бескрајно се трага.
Со начинот на кој амбиентот ќе го формира уметникот или ќе го обликува со оглед на неговата вештина, тој создава возбудлив, сублимиран, во и вон каноните „убав“ свет. Така станува креатор на она што е или пак што може да биде.

„Париски сигнатури 2“ ви претставува уметници што престојувале во ателјето на Cité Internationale des Arts, живееле во Париз и го впиле шармот, ја почувствувале неговата слободоумност и елеганција, уживале во неговата дрскост и бунтовност и со сето тоа се воспитувале низ другоста што Париз ја нуди.

Уметниците (Тања Балаќ, Атанас Ботев, Шќипе Мехмети, Наташа Миловaнчев, Кристијан Санев, Марија Светиева и Маријета Сидовски) со своите сигнатури, визуелни белешки, знаковни записи, ќе забележат свои еднородни врски со градот, но и врската со атмосферата во која и нас ќе нè вовлечат. Тоа ќе биде емоцијата што ги поврзува, со софистициран ракопис исцртани пораки до љубените и до луѓето што им оставиле белег (Маријета Сидовски, Кристијан Санев) и еротика што се наѕира со суптилност во речникот на изразот низ предели меки и испреплетени, природни и поетични (Шќипе Мехмети).

Наивниот и налик детски симболичен ракопис ја крие љубовната игра и меморијата од градот (Марија Светиева). Урбаната душа на градот со неговите симболи, асоцијативни структури и пораки (Тања Балаќ), со чиста визура, лесна конструкција и со хоризонт што ја исцртува традицијата и современоста (Наташа Миловaнчев) нè возбудува и релаксира. Париската сцена, носителот на авангардните идеи во уметноста, уметниците ја чувствуваат како своја сцена и како своја слобода на изразување (Атанас Ботев), допирајќи суштествени социјално-универзални пораки кои радикално ќе ја формираат иднината.

Можноста да се биде некаде на друго место, на особено инспиративно место, е посебно доживување, но да се биде во Париз, да се создава во Париз, тоа е награда за умот, телото и душата.

Дијана Томиќ Радевска

SIGNATURES DE PARIS 2

Le plasticien cherche la perfection, dans sa pensée, sans avoir une confiance parfaite dans l'œuvre en création. La recherche d'un contenu représente pour l'artiste une quête de nouvelles connaissances. Les pensées innovantes qui habitent l'esprit du peintre, ne sont pas seulement un ensemble de formes et d'objets, mais représentent harmonie, unité et lyrisme.
Les mouvements d'un créateur à la recherche de ses centres d'intérêt, peuvent influencer son sentiment d'appartenance ou non à la quête éternelle de la liberté.
L'ambiance d'une ville offre une trame à l'artiste qui, selon son talent, va créer un univers passionnant et sublime, dans ou en dehors les règles de l'esthétique. Il devient ainsi le créateur de tout ce qu'il est ou de ce qu'il peut être.
Les « Signatures de Paris 2 » présentent des artistes qui ont séjourné dans le studio de la Cité Internationale des Arts. Ayant vécu à Paris, ces artistes se sont imprégnés du charme de la ville, de sa liberté et de son élégance, appréciant son audace, son esprit rebelle et sa diversité.

Les artistes, Tanja Balakj, Atanas Botev, Shqipe Mehmeti, Natasha Milovanchev, Kristijan Sanev, Marija Svetieva et Marijeta Sidovski, expriment, par leurs signatures, leurs notes visuelles et leurs signalétiques, les rapports qu'ils ont établis avec la ville de Paris, et l'ambiance dans laquelle ils nous immergent. Chez Marijeta Sidovska et Kristijan Sanev, c'est l'émotion qui relie les messages, sous forme de manuscrit sophistiqué, destinées aux proches et à toute personnes ayant laissé des traces. Les œuvres de Shkipe Mehmeti dégagent de l'érotisme à travers la subtilité de son langage, de son expression et de ses paysages doux et croisés, pleins de naturel et de poésie. Une écriture symbolique naïve et enfantine cache un jeu d'amour et de mémoire de la ville chez Marija Svetieva. L'âme urbaine de la ville avec ses symboles, ses structures et ses messages associatifs domine chez Tanja Balakj. Une vision claire, une construction légère et un horizon où s'entremêlent tradition et modernité, nous émeuvent chez Natasha Milovancev. La scène parisienne, porteuse des idées d'avant-garde, est vue par les artistes comme une scène propre et une liberté d'expression chez Atanas Botev qui essaime des messages sociaux universels pour un changement radical dans le futur.

Se retrouver quelque part, dans un endroit qui inspire, est certes une expérience unique, mais séjourner et créer à Paris est une satisfaction particulière pour l'esprit, le corps et l'âme.

Dijana Tomikj Radevska

**«Celui qui contemple les profondeurs de Paris est pris de vertige. Rien de plus fantastique. Rien de plus tragique. Rien n'est plus sublime. " - Victor Hugo**




**Тања Балаћ**
На наш начин
пастел, 2006

**Tanja Balac**
Notre mode de vie
pastel, 2006



**Тања Балаќ**
Радост на живеењето
комб.техники, 2004

**Tanja Balac**
Joie de vivre
technique mixte, 2004



**Атанас Ботев** **Atanas Botev**

An apple a day keep the doctor away

цртеж во молив, 2005 dessin au crayon, 2005



**Атанас Ботев**
Човекот со железна маска
цртеж во молив и туш, 2005

**Atanas Botev**
l'homme au masque de fer
dessin au crayon et à l'encre, 2005



| | |
|---|---|
| **Шќипе Мехмети** | **Shqipe Mehmeti** |
| Патос | Sol |
| комб.техники, 2007 | technique mixte, 2007 |



**Шќипе Мехмети**
Древниот влез
комб.техники, 2006

**Shqipe Mehmeti**
Entrée ancienne
technique mixte, 2006







**Наташа Милованчев**
Циклус “Записи од Париз” секвенци
цртеж јаглен и молив во боја
2005

**Natasha Milovanchev**
Cycle - Contes de Paris
dessin au fusain et au crayon de couleur
2005



**Наташа Милованчев**
Ателје
Циклус Поетика на просторот
акрил на платно, 2005

**Natasha Milovanchev**
Atelier
Cycle - Poétique de l'espace
acrylique sur toile, 2005



**Христијан Санев**
Три бои: плаво, бело, црвено
литографија, 2009

**Hristijan Sanev**
Trois couleurs: bleu, blanc, rouge
lithographie, 2009



**Христијан Санев**
Ти ги давам моите крилја, за ти да бидеш мојот ангел
За мојата љубов
комб.техника, 2019

**Hristijan Sanev**
Je te donne mes ailes pour que tu sois mon ange
Pour mon amour
technique mixte, 2019




**Марија Светиева**
Тајната на нашето лето
пастел, 2009

**Marija Svetieva**
Le secret de notre été
pastel, 2009



**Марија Светиева**
Запис за едно лето
пастел, 2009

**Marija Svetieva**
Conte d'un été
pastel, 2009






**Марijета Сидовски**
Крила на ангелот
(ти ја давам мојата
слобода-љубов)
Диптих, цртеж, колаж,
графитен молив, 2019

**Marijeta Sidovski**
Les ailes ange
(Je te donne ma
liberté - l'amour)
Diptyque, dessin, collage,
au crayon, 2019










**Маријета Сидовски**
За тебе љубов моја

комб. техника, 2019

**Marijeta Sidovski**
Pour toi mon Amour

technique mixte,2019

**"I love Paris when it sizzles"**

**Cole Porter**

**Тања Балаќ**
Родена 1968 година во Скопје. Дипломира 1991 година на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на одделот за сликарство. Во 2008 година магистрира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на одделот за сликарство. Престојува во Париз 2003 година на студиски престој. Од 1991 година е член на Друштвото на ликовните уметници на Македонија - ДЛУМ. Од 2006 до 2013 година е претседател на Друштвото на ликовни уметници на Македонија - ДЛУМ. Учествува на Конференции и работилници на полето на уметничкиот експеримент. Покрај сликарството таа истражува и во полето на новите медиуми, инсталации, видео и перформанс. Живее и работи во Скопје.

**Атанас Ботев**
Роден во Скопје, 1973. Дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (графика и графички дизајн) во 1997. Магистрира на истиот факултет во 1999. Работи како раководител на Отвореното графичко студио при Музеј на град Скопје. Работи во повеќе медиуми: сликарство, графика, цртеж, инсталација, перформанс.
Активен е и на полето на графичкиот дизајн: плакат за Скопски џез фестивал, 2005; обвивки за албумите на Пиколомини, Алек Пејовски и НАВ; поштенска марка - 100 години ФИФА; плакат за документарниот филм „Ако никој не свири“ во режија на Ѓорѓи Јаневски; бројни илустрации за детски списанија и книги. Објавувал стрипови и илустрации во списанијата Лифт, Макстрип, Strip No Borders, Маргина, Автор е на сторибордот за филмот Тајната книга во режија на Владо Цветановски, 2002. Престојува во Париз 2005 година.

**Шќипе Мехмети**
Родена 1981 година, во Кичево. Во 2004 година дипломира на Факултет за ликовни уметности во Скопје на педагошки оддел со сликарство. Во 2007 година заврши постдипломски студии на графика на истиот факултет. Од 2000 година учествуваше на повеќе од 150 групни изложби во Македонија, Албанија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Бугарија, Романија, Полска, Германија, Хрватска, Италија, Шпанија, Турција, Египет, Чешка, Литванија и Франција. Има 25 самостојни изложби во Кичево, Кавадарци, Велес, Скопје, Софија, Париз, Берлин, Нирнберг, Њујорк, Приштина, Висби. Од 2005 година е член на ДЛУМ (Здружение на ликовни уметници на Северна Македонија). Од 2010 година е член на Друштвото на уметници „Широка стаза“ Земун, Србија и од 2019 година член на ИКОМ-Македонија (Меѓународен совет на музеи). Таа работи во Националната галерија на Северна Македонија како конзерватор.

**Наташа Милованчев**
Родена во 1967 година, во Скопје. Дипломирала на Архитектонскиот факултет и на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, каде и магистрирала во 2003 година. Во 1994 година станала членка на Друштвото на ликовните уметници на Македонија. Таа работи како

професор на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.  Освен со сликарство, Милованчев се бави и со графички дизајн и со театарска уметност. Таа реализирала околу 20-тина самостојни изложби во земјата и странство, а учествувала и на повеќе меѓународни групни изложби и симпозиуми. Студиски престој во Cite Internationale des Arts во Париз во 1999 и 2005. Добитник на две национални награди за сликарство и плакат.

**Христијан Санев**
Роден е во Скопје во 1975 година. Дипломирал и магистрирал на факултетот за ликовни уметности во Скопје, на отсекот за  графика со висок успех.  Има учествувано на голем број меѓународни групни изложби во Јапонија, САД, Египет, Аргентина и Полска, како во повеќе работилници и уметнички престои во, Србија, Црна Гора и Германија. Држел предавања за рачно производство на хартија на факултетот за ликовни уметности во Цетиње, Црна Гора во 1999 година. Од 2001 до 2011 живее и работи во Париз, каде при крајот на неговиот предстој е сопственик на галеријата Арт’ест. Од 2009 година е член на Друштвото на ликовните уметници на Македонија – ДЛУМ а од  2015 до 2019 година е и негов претседател. Денес живее и работи во Скопје и Загреб.

**Марија Светиева**
Родена во Скопје во 1960 год. Дипломирала и магистрирала на Факултетот за ликовни уметници во Скопје на  отсек графика со графички дизајн, кај професор Димитар Малиданов. Член на ДЛУМ. Добива италијанска стипендија и заминува во Болоња на специјализација за графика во 1990 год. 1990-1997 година живее и работи во Рим. Престојувала во Citè des Arts во Париз во 2000 и 2009 година. 1986-2020 учествувала на многубројни изложби низ Македонија, Србија, Хрватска, Бугарија, Романија, Полска, Русија, Германија, Франција, Италија, Шведска, Тајланд, Јапонија.

**Маријета Сидовски**
Родена во Нови Сад, Србија, 1973. година. Дипломски студии, сликарство со конзервација и реставрација, завршува на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1998. година. Магистерски студии, конзервација и реставрација на штафелајно сликарство, завршува на Факултетот за применети уметности во Белград, Србија во 2010 година. Остварува три студиски престои во Франција во Париз, Хед и Рен, Бретања во 2005, 2010 и 2019 година Престојувала и во Њујорк, САД, 2005 и 2018  година и во Фиренца, Италија, 2017 година. Учесник е на 5-ти Франкофонски игри во Ниамеи, Нигер, 2005 година. Од 2005. до 2016. година работи како конзерватор во Музеј на современата уметност во Скопје. Од 2016. година работи на место на виш конзерватор во Галерија на Матица српска во Нови Сад, Србија. Остварила 37 самостојни изложби. Учесник е на повеќе од 70 интернационални групни изложби и уметнички колонии.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
7.036/.037(497.7)(083.824)
ПАРИСКИ сигнатури 2 : Галерија Акантус, март-април, 2020 = Signatures de Paris 2 : Acanthus gallery, mars-avril, 2020 / [текст Дијана Томиќ Радевска ; превод Милена Митиќ]. - Скопје : Акантус, 2020.
- 24 стр. : илустр. ; 16x23 см
Париски сигнатури 2 / Дијана Томиќ Радевска ; Signatures de Paris 2 /
Dijana Tomikj Radevska. - Текст напоредно на мак. и фран. јазик.
Белешка за застапените автори: стр. 23-24
ISBN 978-608-66180-8-7
1. Насп. ств. насл.
а) Современа уметност - Македонија - Изложби
COBISS.MK-ID 112396042

Град Скопје

INSTITUT FRANÇAIS



**ПАРИСКИ СИГНАТУРИ 2**

**SIGNATURES DE PARIS 2**

978-608-66180-8-7